Врз основа на член 14 став 1 и 3, член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија бр. 167/15 и 27/16), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/141, 27/16 и 35/18), во врска со Позитивното мислење на Годишниот план за вработување за 2018 година бр.04-276/3 од 30.05.2018 година, Државниот испитен центар објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БР.2/2018

***за пополнување слободно работно место на неопределено време***

1. Државниот испитен центар има потреба од вработување на:

| **Реден број** | **Шифра** | **Ниво** | **Назив на работното место** | **Број на извршители** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | УПР 04 02 А02 001 | Ниво **А2** | Служба за обезбедување- Чувар **(лице за обезбедување на објектите и на опремата**). | 1 |

2. Работниот однос за работното место се заснова на неопределено време.

3. Работниот однос се заснова на полно работно време.

4. Секој кандидат треба да ги исполнува **општите услови**:
   - да е државјанин на Република Македонија;
   - активно да го користи македонскиот јазик;
   - да е полнолетен;
   - да има општа здравствена способност за работното место и
   - со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

5. Кандидатите кои ќе се пријават треба да ги исполнуваат и **посебните услови** согласно Законот за работните односи и Правилникот за систематизација на работните места во Државниот испитен центар, односно:

   - стручни квалификации: ***завршено средно образование;***
   - работно искуство: ***со или без работно искуство во струката;***

6. Дневно работно време е со почеток во 20:00 и завршеток во 08:00 часот.

7. Неделно работно време изнесува 40 работни часа (согласно потребите на работодавачот, со обезбедување ден на неделен одмор).

8. Паричниот нето износ на плата изнесува 13.986,00 денари.

НАПОМЕНА: *Предвиденото вработување согласно годишниот план на институцијата за 2018 година е: 1 (еден) Македонец(ка).*

9. Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас со поднесување на следните документи:

- Пријава;
- Кратка биографија;
- Уверение за државјанство *(оригинал или заверена копија на нотар);*
- Лекарско уверение *(не постаро од 6 месеци);*
- Доказ дека не му е изречена казна за забрана за вршење на професија, дејност или должност *(оригинал или заверена копија на нотар);*
- Диплома за завршено образование *(оригинал или заверена копија на нотар)* и
- Потврда за работно искуство доколку има*(оригинал).*

*Пријавата за вработување кандидатите може да се преземе од веб-страницата на Државниот испитен центар-www.dic.edu.mk.*

Јавниот огласот трае **5 (пет) работни дена**, сметано од денот на објавувањето во дневниот печат.

Доколку на јавниот оглас се пријават до 200 кандидати за едно работно место изборот ќе се изврши во рок од 45 дена, од 201 до 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 90 дена и над 500 кандидати за едно работно место изборот се изврши во рок од 120 дена, по истекот на рокот на пријавувањето.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови ќе бидат повикани на интервју, по што ќе следи конечен избор.

Пријавите со некомплетна и невалидна документација и ненавремено доставените пријави нема да бидат предмет на разгледување.

Пријавите со потребната документација, кандидатите се должни во хартиена форма да ги достават до Државниот испитен центар на адреса ул. „Васил Ѓоргов" 66, Скопје.

**Телефон за контакт:** 02/3 228-866
**Контакт лице:** Валентина Костадинова

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР